*РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА*

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**КОМИСИЈА ЗА ПРАШАЊА НА ИЗБОРИТЕ И ИМЕНУВАЊАТА**

**Број 16- ____________/___ ____________ 2026 година**

**Скопје**

**До**
**Претседателот на Собранието на**
**Република Северна Македонија**

Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Северна Македонија на Триесет и седмата седница одржана на 20 јануари 2026 година спроведе

**Јавна расправа за утврдување на предлози за избор на членови на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација**

и врз основа на член 18 став 3 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, поднесува

# И З В Е Ш Т А Ј

Собранието на Република Северна Македонија донесе Одлука за објавување јавен оглас за избор на членови на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација. Одлуката е објавена на 10 декември 2025 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 247/2025), а Огласот траеше 30 дена.

На огласот се пријавија вкупно 19 кандидати. Од нив 14 ги исполнуваат условите и имааат доставено комплетна документација за исполнување на условите за избор на член на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно законот и Огласот. Пријавите на кандидатите и нивната документација беа поставени на е-парламент и на веб страницата на Собранието. На јавната расправа беа поканети сите пријавени кандидати кои ги исполнуваат условите за избор.

За учество на јавната расправа на оваа седница беа поканети невладини организации од Мрежата за заштита од дискриминација, Платформата за родова еднаквост и Платформата за борба против корупцијата и други.

На јавната расправа учествуваа: претседателот на Комисијата, Ѓорѓија Сајкоски, потпретседателката на Комисијата Дафина Стојановска, членовите и замениците - членови на Комисијата: Миле Лефков, Жаклина Пешевска и Илире Даути.

На јавната расправа како претставници на невладините организации учествуваа: Маја Атанасова - Македонското здружение на млади правници, Благица

Димитровска - Здружение Инклузива, Ива Михаиловска - ХЕРА, Атанас Аврамов - Мрежа за заштита од дискриминација и Виолета Ѓоргиевска - Интернет Хотлајн Провајдер Македонија.

На јавната расправа кандидатите својата кандидатура ја претставуваа по редоследот на нивното пријавување според архивскиот број.

Кандидатите својата кандидатура ја образложија преку свое претставување и одговор на две конкретни прашања, поставени или од невладини организации или од пратеници. На седницата своите кандидатури ги претставија:

1.Лимко Бејзароски, дипломиран политиколог, доктор по историски науки од с.Пласница,

2.Кире Василев, дипломиран политиколог од Битола,

3.Џихан Ахмед, дипломиран правник и магистер по правни науки од Скопје,

4.Усеин Елезоски, дипломиран правник и магистер по правни науки-од областа бизнис право, од с.Долно Косоврасти, Дебар,

5. Мери Ивановска, дипломиран правник од Скопје,

6. Наташа Амдију дипломиран правник и магистер на правни науки од Берово,

7. Жаклина Дамческа адвокат од Прилеп,

8.Шемши Салаи, дипломиран правник, магистер по правни науки од с. Добри Дол.Општина Врапчиште,

9. Миле Стојановски,дипломиран правник од Скопје,

10.Горан Нешевски, дипломиран правник од Скопје,

11.Несиме Јашари Љума, дипломиран правник со положен правосуден испит од Тетово,

12.Елита Шуки, дипломиран правник со положен правосуден испит од Скопје,

13.Ирфан Лимани, дипломиран професор по одделенска настава и магистер по менаџмент на човечки ресурси од Велес и

14. Даниела Стојановска Џинговска, дипломиран дефектолог од Скопје.

Составен дел од овој извештај е откуцаниот текст на аудио записот и истиот е достапен на е-парламент во делот на Триесет и седмата седница на Комисијата за прашањата за изборите и именувањата одржана на 20 јануари 2026 година.

За известител на седницата на Собранието, Комисијата го определи претседателот на Комисијата, Ѓорѓија Сајкоски.

**Претседател на**
**Комисијата за прашања на изборите и именувањата,**
Ѓорѓија Сајкоски